# Media Reports about the SEEMO Press Freedom visit to Macedonia (FYROM –ROM) in October 2011

**Ekonom:east Media Group |**

- News
- Region (05. 10. 2011.)
- SEEMO Delegation to visit Skopje from 4-6 October

# SEEMO Delegation to visit Skopje from 4-6 October

**05. October 2011. | 08:59 ▸ 09:01**

**Source: Emg.rs**

**The Vienna-based South East Europe Media Organisation (SEEMO), an affiliate of the International Press Institute (IPI), will visit the Republic of Macedonia (FYROM) from 4-6 October 2011.**

The Vienna-based South East Europe Media Organisation (SEEMO), an affiliate of the International Press Institute (IPI), will visit the Republic of Macedonia (FYROM) from 4-6 October 2011.

The purpose of the visit to is to acquire a better understanding of the media situation in the country. During the past years, and especially since the beginning of 2011, SEEMO has received complaints regarding political and economic pressure on media outlets.

SEEMO, a leading regional media organisation of editors-in-chief, media owners, media CEOs and prominent journalists in South, East and Central Europe, defends press freedom and promotes quality journalism.

The seven-member delegation will meet the country´s President, Gjorge Ivanov; Prime Minister Nikola Gruevski and his team; the Head of the OSCE Mission, Ralf Breth; Austrian Ambassador Alois Kraut; and more than 30 media representatives including owners, directors, editors-in chief, journalists, media experts, NGO representatives, and other professionals.

The head of the SEEMO delegation is Oliver Vujovic, SEEMO Secretary General.

SEEMO will publish a report after the mission.

## Вујовиќ: Тоа што ние дојдовме е сигнал дека нешто не чини во Македонија

Петок, 07 Октомври 2011 09:37



Во посета на Македонија е генералниот секретар на СЕЕМО, Оливер Вујовиќ, кој во интервју за Утрински весник вели дека посетата по десет години за прв пат, е сигнал дека нешто не чини во Македонија. - Примивме поголем број мејлови и повици од македонските новинари, кои не' известуваа за некои работи што се случуваат, и затоа дојдовме да видиме каква е ситуацијата. Закажавме средби со политичкиот врв, со дипломати, новинари, уредници, сопственици и со директори на медиуми. Наша цел, како професионална организација, е да најдеме начин како би можеле долгорочно да помогнеме додава Вујовиќ.

Вујовиќ смета дека во Македонија нема дијалог помеѓу власта и медиумите. Забележува дека во земјава партиите имаат силно влијание врз медиумите.

Власта влијае врз медиумите, со огласувањето напоменува Вујовиќ.

- Она што би сакал да го кажам како генерална порака е помалку мешање на политиката во медиумите. Она што го слушнавме овие денови е дека постои силно влијание на власта преку огласи од државните фирми и институции, за што имавме поплаки за селективност. Пазарот во Македонија е многу мал и на тој мал пазар државата игра битна улога. Слушнавме некои проценки дека годишно државата инвестира од 20-30 милиони евра во огласување во медиумите. Прашање е кои медиуми ги добиваат овие огласи, додава за Утрински генералниот секретар на СЕЕМО..

Утрински Весник

## Новинарот не треба да изигрува патриот

06.10.2011



**„Во македонските медиуми има многу силно влијание од партиите", вели Оливер Вујовиќ, генерален секретар на СЕЕМО**

**Жаклина Хаџи-Зафирова**

**Какви се вашите импресии од првата посета на Македонија?**

Оваа посета е прва посета во нашето десетгодишно постоење. Тоа што сега сме одлучиле да дојдеме тука е сигнал дека нешто не чини во Македонија. Примивме поголем број мејлови и повици од македонските новинари, кои не' известуваа за некои работи што се случуваат, и затоа дојдовме да видиме каква е ситуацијата. Закажавме средби со политичкиот врв, со дипломати, новинари, уредници, сопственици и со директори на медиуми. Наша цел, како професионална организација, е да најдеме начин како би можеле долгорочно да помогнеме.

**Дали ви се чини дека во Македонија има новинари и пропагандисти?**

За жал, да. Тажно е што не постои дијалог, комуникација кај оние со различни ставови. Во медиумската сфера во Македонија забележуваме многу силно влијание на партиите. За жал, повеќе или помалку се знае дека овој новинар е на оваа или на онаа страна. Точно е дека партиско-политичкиот живот е битен, но кога работите како новинар мора да бидете подготвени да ја сослушате и другата страна. Едноставно можете да бидете убедени во нешто, но треба да седнете и со друг. И од најголемиот непријател можете нешто паметно да научите. Проблем на македонските новинари е што не се подготвени да научат нешто и од непријателот.

**Каков е ставот на претседателот Иванов, со кого и остваривте средба и разговаравте за медиумите?**

Го прашавме што мисли тој за целата ситуација. Но, со него разговаравме повеќе за историскиот развој на медиумите. Она што би сакал да го кажам како генерална порака е помалку мешање на политиката во медиумите. Она што го слушнавме овие денови е дека постои силно влијание на власта преку огласи од државните фирми и институции, за што имавме поплаки за селективност. Пазарот во Македонија е многу мал и на тој мал пазар државата игра битна улога. Слушнавме некои проценки дека годишно државата инвестира од 20-30 милиони евра во огласување во медиумите. Прашање е кои медиуми ги добиваат овие огласи.

**Какви се' поплаки добивте?**

По најавата дека ќе дојдеме, добивме и мејлови дека нема потреба да дојдеме во земјава кога тука е се' супер. Но, ние дојдовме за тие што се загрижени. Имавме поплаки од новинари кои имале директни притисоци да не пишуваат за одредени теми и по цена на работата. Добивме и поплаки дека нема доволно новинарска солидарност, за што утврдивме дека е точно. Исто така, многу медиумски работници не известуваа дека се загрижени за говорот на омраза во некои медиуми.

Факт е дека во многу медиуми недостига професионализам. Постојат новинари кои работат во интерес на некоја кампања. Она што, според мене, е посебно загрижувачки е јакнење на патриотизам во земјата во негативна смисла. Можам да сфатам дека Македонија е мала земја, со проблем со името, потоа ја имаме МПЦ која не е призната и има судир со СПЦ. Тоа е реалност. Но, не е улога на новинарот да изигрува патриот. Новинарот треба да критикува и ако нешто не чини во општеството реално да пишува за тоа, а не во име на патриотизмот да молчи.

**Ќе помогнете ли во дијалогот меѓу Здружението на новинарите и Владата?**

Јас со задоволство ќе дојдам, но тажно ми е што Македонија дошла на ова ниво и што две личности не се во состојба да седнат да се напијат кафе и да го кажат својот став без меѓусебно напаѓање. Култура на дијалогот е многу битна, а таа исчезна со јакнењето на патриотизмот во Македонија.

# Дали знаете зошто провладините медиуми молчат неколку дена?

Петок, 07 Октомври 2011 09:28




Дали ви е чудно, што провладините медиуми веќе два дена молчат, не се толку полни со омраза и не ја критикуваат опозицијата? Одговорот е во тоа што претставници СЕЕМО, предводени од генералниот секретар Оливер Вујовиќ, а е за да се скенира состојбата со медиумските слободи.

Неофицијално, до медиумите под капата на власта е пристигната порака да ја спуштат топката наредните неколку дена, до објавувањето на извештајот на ЕУ, а потоа да се пука по секој неистомисленик.

По објавувањето на извештајот се најавуваат и серија апсења и затворање на други медиуми, меѓу кои и А2 телевизија

## Radio Slobodna Evropa

### Вести

# Делегација на СЕЕМО ќе ја посети Македонија

30.09.2011

Делегација на Организацијата за медиуми за југо-источна Европа, СЕЕМО, од 4-ти до 6-ти октомври је престојува во посета на Македонија, е соопштено денеска од таа организација со седиште во Виена. Целта на посетата е да биде согледана ситуацијата со медиумите во Македонија, бидејќи оваа организација годинава добила серија известувања за политички и економски притисоци врз медиумите. Покрај разговорите со македонскиот државен врв, делегацијата на СЕЕМО, ќе има средби и со претставници на медиумите во Македонија.

## Radio Slobodna Evropa

Вести

# Македонската медиумска ситуација под лупата на СЕЕМО

Logo of South East Europe Media Organisation – SEEMO

04.10.2011

Делегација на Виенската медиумска организација СЕЕМО, придружница на Меѓународниот Прес Инситут од денеска до 6 - ти овој месец ќе прстојува во посета на Република Македонија. Целта, како што соопшти СЕЕМО, е подобро разбирање на медиумската ситуација во земјата. Во изминативе години и посебно во 2011, СЕЕМО добил низа поплаки за политички и економски притисок врз медиумите во Македонија. Седумчлената делегација ќе се состане со Претседателот Ѓорѓе Иванов, со Премиерот Никола Груевски, како и со 30 тина преставници на медиумите, невладиниот сектор и странските мисии во земјата.

Radio Free Europe

05.10.2011

## Состојбата во медиумите, наелектризирана

Автор: Слаѓана Васовиќ Божиновска




**Состојбата е многу наелектризирана и постои силно политичко влијание врз медиумите - констатација на Организацијата за медиуми на ЈИЕ која ќе посредува во решавањето на загрижувачката состојба со медиумскиот простор во Македонија.**

На повик на десетина сопственици и директори на медиуми во Македонија, делегација на Организацијата за медиуми на југоисточна Европа пристигна во Македонија за да ги слушне нивните забелешки, да ја понуди својата помош и да им го пренесе својот став на македонските власти што треба тие да направат за да се надмине загрижувачката состојба. Првите впечатоци се очекувани.
Состојбата е многу наелектризирана. Она што е интересно повеќе од нив нагласија дека ќе биде неопходна помош од надвор. Луѓето имаат чувство дека е присутна и одредена самоизолација овде во Македонија.
Оливер Вујовиќ, генерален секретар на Организацијата за медиуми на југоисточна Европа.

Нема многу медиуми во Македонија коишто работат независно и според професионалните стандарди, туку постои навистина силно влијание на политиката во нивната работа.
Од организација за медиумите на ЈИЕ велат дека нивната помош би се состоела во соочување на спротивставените страни и во поттикнувањето на дебата

„Состојбата е многу наелектризирана. Она што е интересно повеќе од нив нагласија дека ќе биде неопходна помош од надвор. Луѓето имаат чувство дека е присутна и одредена самоизолација овде во Македонија, така што луѓето губат контакт со некои меѓународни текови, така што само со помош на некои неутрални лица од надвор проблемот може да се реши", изјави Оливер Вујовиќ, генерален секретар на Организацијата за медиуми на југоисточна Европа.

Постои говор на омраза којшто произлегува од обилно присутниот лажен патриотизам кај еден дел од новинарите во земјава што пак ги оддалечува од нивната професионална задача, да гледаат критички на состојбите коишто би требало да се сменат или подобрат, констатира Вујовиќ.

Би сакал барем од страната на власта барем малку да се смали таа патриотска тензија. Затоа што ако Македонија сака да оди напред, треба да се размисли дека сме во 21 век.
Оливер Вујовиќ, генерален секретар на Организацијата за медиуми на југоисточна Европа.

СЕЕМО како регионална организација се надева дека може да биде еден од тие надворешни фактори коишто можат да помогнат во ваквата ситуација. Нивната помош како што велат би се состоела во соочување на спротивставените страни и во поттикнувањето на дебата меѓу нив. Но, би се обиделе да ја пренесат и вистинската порака до властите.

„Би сакал барем од страната на власта барем малку да се смали таа патриотска тензија. Затоа што ако Македонија сака да оди напред, треба да се размисли дека сме во 21 век. Современа Европа не сака да се користи начин на размислување којшто бил актуелен пред 20 или 30 години. Македонија мора уште повеќе европски да размислува, европски начин на размислување значи дека и во однос на медиумите треба да се променат некои начини на однесување и точно тоа што треба да се смени ќе го соопштиме официјално“, додава Вујовиќ.

Делегацијата ова ќе им го пренесе на претседателот Иванов и на премиерот Груевски, а ќе има средби и со амбасадорот на ОБСЕ како и со Здружението на Новинари. Претседателот на здружението, Насер Селмани, од средбата очекува да се конкретизира конкретната помош експертска и техничка којашто може да ја пружи оваа регионална организација особено во најавениот дијалог со Владата, а со цел да се постигнат барем дел од целите. Кампања дека состојбите се лоши како и охрабрување веќе се нецелисходни, додава Селмани.

Делегацијата на СЕЕМО е во триодневна посета на Македонија која завршува утре.



# Новинарот не треба да изигрува патриот

„Во македонските медиуми има многу силно влијание од партиите“, вели Оливер Вујовиќ, генерален секретар на СЕЕМО.

# Вујовиќ: Тоа што ние дојдовме е сигнал дека нешто не чини во Македонија



Во посета на Македонија е генералниот секретар на СЕЕМО, Оливер Вујовиќ, кој во интервју за Утрински весник вели дека посетата по десет години за прв пат, е сигнал дека нешто не чини во Македонија.

- Примивме поголем број мејлови и повици од македонските новинари, кои не' известуваа за некои работи што се случуваат, и затоа дојдовме да видиме каква е ситуацијата. Закажавме средби со политичкиот врв, со дипломати, новинари, уредници, сопственици и со директори на медиуми. Наша цел, како професионална организација, е да најдеме начин како...Големина на кластер : 2Последна од : Sky MK тукушто објавено Ентитети : Македонија , Вујовиќ , УтринскиНовинарот не треба да изигрува патриот